РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП ЗА 2013 ГОДИНА

Јануари 2014 година

**ОСНОВНИОТ СУД ПРИЛЕП** 2013 година ја започна со остаток од 5926 предмети опфатени со ориентациона норма , сите како нерешени предмети од претходната 2012 година.

Во текот на 2013 година во судот се примени нови 16277 предмети опфатени со ориентациона норма по сите основи и заедно со остатокот на предмети од претходната година, примените предмети од друг судија и дадените предмети на друг судија, резултираат со податок дека во судот биле вкупно во работа 22199 предмети по сите основи а погрешно заведени се 4 судски предмети.

Од вкупниот број на предмети опфатени со ориентациона норма кои биле во работа, во текот на 2013 година решени се 15957 предмети а како нерешени предмети се јавуваат 6242 предмети.

Во однос на предметите кои не се опфатени со ориентациона норма, Основниот суд Прилеп, 2013 година ја започна со 436 вакви предмети како нерешени од претходната 2012 година. Во текот на годината примени се нови 5460 предмети кои заедно со приемните и дадените предмети на друг судија, резултираат со податок дека во судот биле вкупно во работа 5896 предмети. Од нив решени се 5383 а како нерешени на крајот на 2013 година се 513 предмети кои не се опфатени со ориентациона норма.

**НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ**

Од подолу изложениот сумарен преглед за движење на предметите опфатени со ориентациона норма, може да се види дека, вкупниот број на нерешени предмети изнесува 6242 судски предмети од кои 5264 судски предмети во кривичниот оддел на судот и 978 судски предмети во граѓанскиот оддел на судот.

Најголемиот дел од бројката на нерешени предмети и тоа 4097 отпаѓа на судските предмети за извршување на санкции (кривични парични казни, прекршочни парични казни и затворски предмети), 467 се судски предмети од кривичната област (К полнолетни, К малолетни, КИ, ОИД. Кпов, КС), 700 прекршочни предмети, 756 граѓански процесни предмети и 222 ВПП предмети.

Следи графички приказ на остатокот на предмети опфатени со ориентациона норма во Основен суд Прилеп на 31.12.2013 година, по области:




## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

По однос на вкупно решените предмети кои се опфатени со ориентациона норма, подолу изложените податоци укажуваат дека во 2013 година во Основен суд Прилеп вкупно се решени 15957 судски предмети од кои 7952 во кривичниот оддел на судот а 8005 судски предмети во граѓанскиот оддел на судот.

Од оваа бројка 2540 се предметите за извршување на санкции (кривични парични казни, прекршочни парични казни и затворски предмети), 2421 се предмети од кривичната област (К полнолетни, К малолетни, КИ, ОИД. Кпов, КС), 2991 прекршочни предмети, 4046 граѓански процесни предмети и 3959 ВПП предмети.

Следи графички приказ на решените предмети по вид и процентуално од вкупниот број на решени предмети:







Во понатамошниот дел од овој извештај ќе биде изложен Сумарниот преглед за движење на предметите во Основен суд Прилеп во текот на 2013 година, како и сите релевантни податоците во однос на кривичниот и граѓанскиот оддел во судот.

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ
### КОИ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2013 ГОДИНА

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | | Нерешени предмети на почеток на месецот | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривично полнолетни (К) | 223 | 718 | | 941 | 649 | 292 |
| | Кривично малолетни (К) | 8 | 14 | | 22 | 16 | 6 |
| | Истраги-проширена надлежност (КИ) | 34 | 132 | | 166 | 120 | 46 |
| | Истражни дејствија (ОИД, КРИ, КУЗЛС) | 135 | 1184 | | 1319 | 1256 | 63 |
| | Прекршоци (ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-М) | 715 | 2976 | | 3691 | 2991 | 700 |
| | Повторување на постапката (КПОВ) | 0 | 25 | | 25 | 23 | 2 |
| | Петорка | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| | Кривичен совет ( КС, КУК, КП, КСП, КС-КР, КСМ, КПМ, КРИ УОПК-КМ, УО-КМ, КРП,КНЗД, КРМ) | 25 | 390 | | 415 | 357 | 58 |
| | Извршување на санкции (ИПРК, КУИКП, КУИКМ, ИКС, НУИ-ПКпо стар уписник, ИКП, ПК, УОПК, УОПК-КМ, ИСАМ, ИОИП, ДЗИК, ЕВНЗ | 3715 | 2923 | 1 | 6637 | 2540 | 4097 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **4855** | **8362** | **1** | **13216** | **7952** | **5264** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Спорови од мала вреднсот (МАЛ-ВП; МАЛВ-ТС) | 214 | 2048 | | 2262 | 2092 | 170 |
| | Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето (П; П1; П3; П4) | 275 | 506 | | 781 | 591 | 190 |
| | Семејни спорови (П2) | 73 | 209 | | 282 | 216 | 66 |
| | Работни спорови (РО) | 93 | 300 | | 393 | 285 | 108 |
| | Трговски спорови (ТС) | 28 | 17 | | 45 | 42 | 3 |
| | Платни налози по приговор (ПЛ1-П; Л1-ТС) | 201 | 528 | | 729 | 584 | 145 |
| | Оставински предмети решени од судот (О1) | 1 | 6 | | 7 | 6 | 1 |
| | Физичка делба (ВПП1) | 27 | 75 | | 102 | 78 | 24 |
| | Останати ВПП (ВПП; ПСО; ОДС; Р) | 93 | 3492 | 3 | 3582 | 3432 | 150 |
| | Стечај (СТ; СТС) | 29 | 281 | | 310 | 236 | 74 |
| | Ликвидации (Л) | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| | Приговори (ППНИ) | 36 | 373 | | 409 | 369 | 40 |
| | Мерки за обезбедување (ВПП2-С; ВПП-2Г; СОП; ВПП2) | 1 | 80 | | 81 | 74 | 7 |
| | Повторување на постапката (ПЛПОВ-П, ПЛПОВ-С, ППОВ, ППОВ-1, ПОВ-ТС, РО-ПОВ, РО-ПОВ1, ПЛ-ПОВ1, МВ-ПОВ, МВТС-ПОВ) | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **1071** | **7915** | **3** | **8983** | **8005** | **978** |
| **СЕ ВКУПНО** | | **5926** | **16277** | **4** | **22199** | **15957** | **6242** |

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ
### КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2013 ГОДИНА

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | | Нерешени предмети на почеток на | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Разни кривични дејствија (УОСК, КР, ЕК) | 25 | 2822 | | **2847** | 2791 | **56** |
| | Замолници (ЗАМ-К) | 14 | 111 | | **125** | 112 | **13** |
| | Задолжително лекување (ЗЛ) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | ИОИП (ДЗИК по стар) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **39** | **2933** | | **2972** | **2903** | **69** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Разни парнични (РП) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Разни трговски предмети (РТС) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Разни предмети од работни спорови (РРО) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Разни предмети од платни налози (РПЛ) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Предмети вратени од нотар за надлежност (ОНАД) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Разни вонпарнични предмети (РВПП) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Заверки на договори надвор од суд (ЗАВ1) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Признавање на странски судски одлуки по приговор (ПСО1) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Уписник за правна помош (ПОМ) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Уписник за заштита поради незаконити дејствија (ЗНД) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Регистрација на политички партии (РПП) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Регистрација на верски заедници (РВЗРГ) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Уписник за изрекување парични казни на должник (ИПКД, ИПКС) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Уписник за изрекување парични казни до УЈП (ИПК) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Издадени дозволи за дејствија во стан на должник(ИДС) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Одземање на дете по закон за семејство (УИОД) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Заверки (ЗАВ) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Извршување по закон за семејство (ИЗС) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Противизвршување (ПИ, ППИ) | 0 | 4 | | **4** | 2 | **2** |
| | Платни налози без приговор (ПЛ, ПЛ-ТС) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Жалби против решенија од нотар (ПЛЖ) | 0 | 7 | | **7** | 6 | **1** |
| | Разни граѓански предмети (Р) | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | Замолници од државни органи (ЗАМ-С) | 1 | 21 | | **22** | 21 | **1** |
| | ЗАВ-Х Апостиле | 0 | 1005 | | **1005** | 1005 | **0** |
| | Заверки за недвижности во судот (ЗАВ НД) | 11 | 248 | | **259** | 249 | **10** |
| | Оставина решена од нотар (О) | 385 | 844 | | **1229** | 800 | **429** |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **397** | **2129** | | **2526** | **2083** | **443** |
| СУДСКА УПРАВА | СУ (СУ-1; СУ-2; СУ-3; СУ-4; СУ-5; СУ-6; СУ-7) | 0 | 376 | | **376** | 375 | **1** |
| | СУ-ДОВ; СУ-СТР ДОВ | 0 | 0 | | **0** | 0 | **0** |
| | УПП | 0 | 22 | | **22** | 22 | **0** |
| **ВКУПНО СУДСКА УПРАВА** | | **0** | **398** | | **398** | **397** | **1** |
| **СЕ ВКУПНО** | | **436** | **5460** | | **5896** | **5383** | **513** |

# ПРИКАЗ НА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА СО КРАТКИ АНАЛИЗИ ПО СУДСКИ ОДДЕЛИ

Основен суд Прилеп како суд со проширена надлежност, работите од својата надлежност ги извршува преку следните судски оддели:

- Кривичен оддел ;
- Граѓански оддел;

Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, бројот на судиски места во Основен суд Прилеп е определен на 24 судии.

Извештајната 2013 година, Основен суд Прилеп ја започна со 21 пополнети судиски места.

Во текот на извештајната 2013 година, судиската функција ја извршуваа судиите: Јане Тренчевски-претседател на судот, Жарко Велески, Ружица Иваноска, Љубен Биноски, Ангелчо Видески, Ордан Митрески, Ѕвонко Младеноски, Анка Хаџи Ристеска, Зоран Стеваноски, Јованка Иваноска, Виолета Поповска Тројачанец, Роса Станоеска, Марија Велеска, Славица Данаилоска Темелкоска, Сашо Патоски, Оливера Митреска, Среќко Митовски, Доста Лукароска, Јасмина Шишковска Стојковиќ, Љубе Трајчески, Весна Пајмакоска.

Со одлуки на Судскиот совет на Република Македонија бр.07-1683/4 од 28.11.2012 и бр.07-2087/1 од 06.12.2013 година, судијата Даница Павлоска е времено упатена на извршување на судиската функција во Основен суд Куманово за период од една година;

Со одлуки на Судскиот совет на Република Македонија бр.07-1249/12 од 01.08.2012 година, бр.07-1468/13 од 12.07.2013 година, Љубе Трајчески-судија на Основниот суд Гевгелија, времено, најдолго за период од една година сметано од 03.08.2013 година е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Прилеп.

Судијата Весна Пајмакоска почина на 30.04.2013 година.

Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.076-2055/1 од 02.12.2013 година, судијата Ружица Иваноска е избрана за судија на Апелационен суд Битола.

Извештајната 2013 година, Основен суд Прилеп ја заврши со 18 пополнети судиски места.

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Јане Тренчевски  е избран за претседател на Основен суд Прилеп на 11.03.2010 година.

Претседателот на судот покрај работите од негова надлежност  определени со Законот за судови и Судскиот деловник, во текот 2013 година ги извршуваше следните конкретни работи:

- ги раководел седниците на судиите при Основен суд Прилеп;
- учествувал на седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел  на судот;
- изготвува предлог програма за работа  на судот и раководи со неговото материјално-финансиско работење.
- редовно секој Петок во седмицата врши посета на протвореничкото одделение при Затвор Прилеп.
- раководи со судската полиција.
- активно учествува во имплементацијата на АКМИС во судот.

Во прилог е даден табеларен преглед на работата на Претседателот на судот по однос на предметите опфатени со ориентациона норма и судските предмети кои не се опфатени со ориентациона норма:

# КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Со годишниот распоред за работа во 2013 година, судиската функција во кривичниот оддел на судот ја извршуваа судиите:

-Жарко Велески, Заменик на Претседателот на судот и Раководител на кривичниот оддел,  избран за судија при овој суд на   06.05.1989 година, со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по кривичните предмети;

-Ружица Иваноска. избрана е за судија при овој суд на 11.06.1997 година, со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по кривичните предмети;

- Зоран Стеваноски, избран е за судија при овој суд на  11.07.2002 година, со годишниот распоред за 2013 година определен е да постапува по кривичните предмети;

- Ордан Митрески, избран за судија при овој суд на 12.11.1997 година, со годишниот распоред за 2013 година определен е да постапува по кривичните предмети;

- Љубе Трајчески, судија на Основниот суд Гевгелија, времено за период од една година е упатен да ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп , сметано од 03.08.2013 година. Судијата постапува по предметите за извршување на санкции.

- Анка Хаџи-Ристеска, избрана за судија при овој суд на 09.10.1985 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по прекршочните предмети;

- Љубен Биноски избран е за судија при овој суд на 11.06.1997 година со годишниот распоред за работа за 2013 година е распределен да постапува по прекршочните предмети.

- Јованка Иваноска, избрана е за судија при овој суд на 19.03.2004 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по прекршочните предмети.

**-** Весна Пајмакоска, избрана е за судија при овој суд на 07.02.2006 година, со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по истражните предмети; Судијата почина на 30.04.2013 година.

- Ѕвонко Младеноски - избран е за судија при овој суд на 02.07.1998 година, со годишниот распоред за 2013 година определен е да постапува по истражните предмети. Во прилог е даден табеларен преглед на работата на судиите .

# ПРЕГЛЕД НА ИСТРАГИ И ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА

Во прилог е изложена табела со детален преглед на истражните предмети кои биле во работа во судот во текот на 2013 година.

**Преглед на времетраење на постапката по КИ предмети**

| До 1 месец | до 3 месеци | од 3 до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Над 1 година |
|---|---|---|---|---|
| 17 | 34 | 39 | 24 | 6 |

**Преглед на времетраење на постапката по ОИД и К-ПП предмети**

| До 1 месец | до 3 месеци | Од 3 до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Над 1 година |
|---|---|---|---|---|
| 741 | 357 | 107 | 45 | 6 |

**Табела со решени КИ и ОИД предмети, просек на решавање од страна на истражните судии и остварување на ориентациона норма**

| Просек на решени КИ предмети | Просек на остварување на ориентациона норма по КИ предмети на истражните судии | Просек на решени ОИД предмети | Просек на остарување на ориентациона норма |
|---|---|---|---|
| 5,7 | 33,5% | 47,9 | 119,8% |

**Н * ) – Ориентациона норма за решавање на КИ предмети: 17 предмети;**
**Н * ) – Ориентациона норма за решавање на ОИД предмети: 40 предмети;**

**Времетраење на постапките по К предмети**

| **Траење на постапка** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **До 30 дена** | **До 3 месеци** | **Од 3 месеци до 6 месеци** | **До 1 година** | **Над 1 година** |
| **260** | **148** | **91** | **95** | **55** |

Времетраење на постапките по Км предмети

| Траење на постапка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | До 1 месец | До 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | До 1 година | Над 1 година |
| 16 | - | 3 | 5 | 7 | 1 |

Времетраење на постапките по Зам.Кр и Зам,К предмети

| До 1 месец | До 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | До 1 година | Над 1 година |
|---|---|---|---|---|
| 35 | 47 | 7 | 3 | / |

Преглед на квалитетот во работата на Кривичниот оддел

| Вкупно решени | Необжалени од вкупно решените | | Вратени предмети по жалба | ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2013 ГОДИНА | | | | | | | | Вкупно необжалени и потврдени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | Делумно укинати | | | |
| | Бр. | % | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр.. | % |
| 649 | 545 | 83.9% | 85 | 53 | 8,1% | 10 | 1,5% | 16 | 2,4% | 6 | 0,9% | 597 | 91,5% |

| **Просек на решени К предмети** | **Просек на остварување ориентациона Норма** |
|---|---|
| 17,1 | 100,3% |

**Н * ) – Ориентациона норма за решавање на К предмети: 17 предмети;**

Преглед на стари нерешени К предмети на 31.12.2013 година

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧНИ ПОЛНОЛЕТНИ | 1 | 9 | 6 | 1 | 1 |

Преглед на решени предмети во надлежност на„Кривичен совет“ и „Совет за условен отпуст“

| ВКУПНО РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ „Кс, К.Пов, Кс-Кр, Ксп,Вук,, к пом) | РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА „СОВЕТ ЗА УСЛОВЕН ОТПУСТ“ |
|---|---|
| 310 | 42 |

Преглед на учество во „КС“ и „Совет за условен отпуст“ поединечно по судии

| С У Д И И | Учество во Кривичен совет | | Учество во Совет за условен отпуст“ | |
|---|---|---|---|---|
| | Претседател на советот | Член на советот | Претседател На советот | Член на советот |
| Ј.Тренчевски | 1 | | | |
| О.Митрески | 38 | 204 | 10 | 17 |
| Р.Иваноска | 15 | | | |
| А.Хаџи-Ристеска | | 74 | 3 | 3 |
| Ѕ.Младеноски | 18 | 58 | 5 | 20 |
| З.Стеваноски | 6 | 140 | 24 | |
| Ж.Велески | 235 | | | 30 |
| Љ.Биноски | 1 | | | |
| В.Пајмакоска | | 13 | | |
| Ј.Ш.Стојковиќ | | 2 | | |
| Д.Лукароска | | 5 | | |
| Ј.Иваноска | | 124 | | 14 |

Преглед на времетраење на постапката по ПРК предмети

| ВРЕМЕТРАЕЊЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 9 месеци | Од 9 месеци до 1 година | Над 1 година |
| 1219 | 868 | 391 | 198 | 145 | 178 |

Преглед на квалитетот во решавањето на прекршочните предмети

| Вкупно решени | Необжалени од вкупно решените | | Вратени предмет и по жалба | ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2013 ГОДИНА | | | | | | Вкупно необжалени и потврдени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | | |
| | Бр. | % | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр.. | % |
| 2991 | 2860 | 95,6% | 139 | 97 | 3,2% | 7 | 0,2% | 35 | 1,1% | 2957 | 98,5% |

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | |
|---|---|
| Просек на решени прекршочни предмети, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона норма |
| 90,4 | 60,2% |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на прекршочни предмети: 130 предмети;

# ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

## 1. ПРЕГЛЕД НА РАБОТАТА НА ГРАЃАНСКИОТ ОДЕЛ ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА

Во текот на 2013 година се одржани 16 седници на граѓанскиот оддел на Основен суд Прилеп а на кој судиите од овој оддел на судот ги разгледуваат проблеми и прашања од значење за правилна и единствена примена на законите при решавањето на судските предмети. Како актуелни прашања беше разгледувана судска пракса и дилеми од областа на облигационите односи, неоснованото збогатување и прашања од областа на примена на ЗОСПО.

Судиската функција Граѓанскиот оддел на Основен суд Прилеп, во текот на 2013 година ја извршуваа судиите:

-Виолета Поповска Тројачанец - Раководител на граѓанскиот оддел при Основен суд Прилеп, избрана за судија при овој суд на 27.06.1996 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по процесните предмети.

-Роса Станоеска, избран за судија при овој суд на 26.06.1999 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по процесните предмети;

-Славица Данаилоска Темелкоска, избрана за судија при овој суд на 27.06.1996 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по процесните предмети; .

- Марија Велеска, избрана за судија при овој суд на 14.012.1988 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по процесните предмети;

-Сашо Патоски, избран за судија при овој суд на 06.02.2008 година а со годишниот распоред за 2013 година определен е да постапува по процесните предмети;

-Оливера Митреска, избрана за судија при овој суд на 20.05.2008 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по процесните предмети;

-Доста Лукароска, избрана за судија при овој суд на 27.06.1996 година а со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по предметите со трговски спорови, стечај и ликвидација;

- Јасмина Шишковска Стојковиќ, избрана за судија при овој суд на 07.07.2009 година. Со годишниот распоред за 2013 година определена е да постапува по предметите со трговски спорови, стечај и ликвидација.

-Среќко Митовски, избран за судија при овој суд на 07.07.2009 година а со годишниот распоред за 2013 година определен е да постапува по ПЛ предметите по приговор во судот;

-Ангелчо Видески избран за судија при овој суд на 23.05.1979 година а со годишниот распоред за работа за 2013 година определен е да постапува по вонпроцесните предмети ;

Во прилог е даден табеларен преглед на работата на судиите во граѓанскиот оддел на судот по однос на предметите опфатени со ориентациона норма и судските предмети кои не се опфатени со ориентациона норма:

Преглед на времетраење на расправа по граѓански процесни предмети (П1, П2, Малвп)

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | Решени предмети | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 3 години | Над 3 години |
| ВКУПНО | 2824 | 679 | 1287 | 509 | 245 | 103 | 1 |

Преглед на времетраење на расправа во споровите од работни односи

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | Решени предмети | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 3 години | Над 3 години |
| ВКУПНО | 285 | 28 | 81 | 127 | 45 | 4 | - |

Преглед за квалитет на работа по граѓанските процесни предмети (П1, П2, П3, П4,, Малв.П, Ро)

| Вкупно решени | Необжалени од вкупно решените | | Вкупно вратени предмети по жалба . | ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2013 | | | | | | | | Вкупно необжалени и потврдени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | Делумно укинати | | | |
| | Бр. | % | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| 3110 | 2461 | 79,1% | 649 | 402 | 12,9% | 68 | 2,1% | 107 | 3,4% | 72 | 2.3% | 2863 | 92% |

| **Просек на решени предмети со имотен спор, месечно по судија** | **Просек на остварување ориентациона Норма** |
|---|---|
| **6,7** | **39,4%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на имотни спорови:17 предмети;

| Просек на семејни спорови, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона Норма |
|---|---|
| **3,2** | **12,8%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на семејни спорови:25 предмети;

| Просек на решени спорови од мала вредност, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона Норма |
|---|---|
| **30,7** | **102,3%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на спорови од мала вредност: 30 предмети;

| Просек на решени РО спорови, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона Норма |
|---|---|
| **4,3** | **17,2%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на работни спорови:25 предмети;

Преглед за времетраење на расправа по стечајни предмети

| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| 83 | 132 | 10 | 4 | 3 | - |

Преглед за времетраење на расправа по ТС предмети

| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| 9 | 38 | 37 | 26 | 8 | 1 |

Преглед за времетраење на расправа по ПЛ1 ТС предмети

| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| 8 | 78 | 42 | 14 | 1 | - |

Квалитет на работа во решавање на предмети од областа на трговски спорови (Тс, Тс1, Малвтс, Пл1тс, Ст)

| Вкупно решени | Необжалени од вкупно решените | | Вратени предмети по жалба | ТРГОВСКИ СПОРОВИ ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2013 ГОДИНА | | | | | | | | Вкупно необжалени и потврдени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | Делумно укинати | | | |
| | Бр. | % | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр.. | % |
| 494 | 472 | 95,5% | 22 | 18 | 3,6% | 1 | 0,2% | 3 | 0,6% | - | - | 490 | 99% |

| **Просек на решени ТС предмети, месечно по судија** | **Просек на остварување ориентациона норма** |
|---|---|
| **1,9** | **8,6%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на ТС предмети : 22 предмети;

| **Просек на решени ПЛ ТС1 по приговор, месечно по судија** | **Просек на остварување ориентациона Норма** |
|---|---|
| **6,5** | **26%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на ПЛ по приговор: 25 предмети;

| Просек на решени стечајни предмети по судија | Просек на остварување ориентациона Норма |
|---|---|
| **10,5** | **70%** |

Н * ) – Ориентациона норма за стечаен судија : 15 предмети;

| Просек на решени ПЛ 1 по приговор, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона Норма |
|---|---|
| **38,5** | **154%** |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на ПЛ по приговор: 25 предмети;

## АКТИВНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ НАДВОР ОД РЕДОВНАТА РАБОТА

Во Основен суд Прилеп се формирани и постојат и следните комисии кои со своите активности согласно Судскиот деловник, Законот за јавна внатршна контрола, Законот за јавни набавки и Законот за располагање со стварите на државните органи, придонесуваат за законитост во редовното работење на судот:

- Комисија за преглед на депозитите;
- Комисија за попис на инвентарот;
- Комисија за попис на одземени предмети;
- Комисија за попис на сите парични средства на сметките, извори на средства и обврските во Основен суд Прилеп;
- Комисија за располагање со недвижните и движните ствари во судот;
- Комисија за попишување на примени скапоцености;
- Комисија за контрола на уредноста на доставата во судот;
- Комисија за одобрување на набавки од мала вредност до 500 евра.
- Комисија за контрола на извршените набавки од мала вредност до 500 евра.
- Комисии за јавни набавки;

## РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА

| Име и Презиме | Граѓански оддел | | Кривичен оддел | | | | | Прекршоци | ППНИ | ВПП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пресуди | Решенија | Пресуди | Решенија | Истрага | Кривичен совет | | | | |
| | | | | | | пресуди | решенија | | | |
| Елена Пашоска | | | | | | | | | | 1895 |
| Даниела Момироска | 367 | 67 | | | | | | | | 48 |
| Соња Батлеска | | | 262 | 65 | | | | | | 272 |
| Душан Дабески | | | | | 287 | | | | | |
| Олга Трајкоска | | | | | | | | 355 | | |
| Слободан Димитриоски | | | | | | | | | 278 | |
| Елизабета Петроска | | | | | | 20 | 412 | | | |
| Јовко Ќолчески | 185 | 31 | | | | | | | | |
| Филип Пашоски | 67 | 140 | | | | | | | 4 | 2 |
| Весна Граороска | | | 137 | 38 | | | | 359 | | |
| Виолета Петкоска | 135 | | | | | | | | | |
| Златко Кузманоски | | | 174 | 127 | | | | | | 50 |
| Игор Ефремоски | 202 | 26 | | | | | | | 3 | |
| Лидија Салатоска | 68 | | | | | | | | | |
| Аница Петкоска | 86 | 180 | | | | | | | 73 | |
| Елена Илиеска | 43 | 20 | | | | | | | | |

Врз основа на презентираната содржината на Извештајот за работа на судот, може да се заклучи дека во извештајната 2013 година во Основниот суд Прилеп е обезбедена стручност и квалитет во постапувањето по судските предмети и успешно остварување на надлежностите утврдени со Законот за судовите.

Во контекст на презентираните податоци за работата на судот, неопходна е потребата за краток осврт на човечките ресурси со кои располагаше судот во 2013 година, условите за работа во судот како и неговата материјално финансиската состојба, бидејќи истите се од суштествено значење за неговото нормално и тековно работење.

**2.Човечки ресурси**

Освен Судскиот администратор, во Основен суд Прилеп не постои друг раководен судски службеник иако истите (раководители на кривичен и граѓански оддел, одделение за казнена евиденција, информатика и финансиско работење) се предвидени со Законот за судска служба и Актот за систематизација на работните места одобрен од Советот за судска служба.

Неопходноста од поскоро пополнување на овие работни места не е само потреба за ефикасна внатрешна организација но уште повеќе што истите се законска обврска и по други законски прописи. Таков е случајот со Законот за јавна внатрешна контрола кој ги задолжува сите државни органи да имаат финансиски раководител. Со актот за систематизација на работните места во Основен суд Прилеп е предвидено работно место Раководител на одделение за материјално финансиски работи но истото до денес не е пополнето бидејќи не е добиена согласност за пополнување на работното место од страна на Судскиот буџетски совет..

Слична е ситуацијата и со раководното место во предвиденото одделение за информатика. Ова уште повеќе што во ситуација кога информатиката е навлезена во сите сегменти од судското работење, вработеноста на само едно лице со информатичко образование кое нема раководен статус ниту има свој помошник, создава опасност од одлив на овој кадар од судот или неможност за ефикасно исполнување на обврските.

**1.3 Стручни судски службеници**

Бројот на стручни судски службеници во судот изнесува 16 и тоа двајца судски советници, 1 виш судски советник и 13 судски соработници. Ваквиот број на стручни судски службеници не овозможува исполнување на обврската од Законот за судови, секој судија да има по најмалку еден стручен судски службеник што секако е во насока на поголема ефикасност на судиското работење.

### 1.4 Административно - технички судски службеници.

И во текот на 2013 година како и претходните 4 години продолжи одливот на врабоени во судот поради пензионирање и се до четвртиот квартал од годината, непополнувањето на упразнетите работни места. Во текот на годината беа упразните работни места: хигиеничар (две пензионирања) Виш судски референт и Хаус мајстор-одржувач на парни котли,

Поради пензионирање на судскиот службеник, упразнето е и работното место книговодител во Основен суд Прилеп и до денес не е пополнето иако се работи за работно место неопходно за нормало материјално - финансиско работење на судот. Функционирање на овластен книговодител во судот е барање на секоја ревизорска контрола а со неможноста за потполнување на ова рабоното место, Основен суд Прилеп од старт е ставен во позиција без своја вина да добие негативна оцена во овој дел од своето работење.

### Обуки на вработените во текот на 2013 година

Во текот на 2013 година, вработени при Основен суд Прилеп беа активни учесници на организирани обуки од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители наменети за судските службеници.

Од страна на судот, доставувани се и повеќе предлози за организирање на дополнителни обуки за кои вработените чуствуваат потреба.

Неспорни се позитивните ефекти од таквите обуки кои не само што помагаат судските службеници да се стекнат со нови знаења но и да разменат искуства со своите колеги од другите судови по конкретни прашања и теми.

Годишната Програма за обуки и истакната на интерната електронска страница на судот, достапна е на увид на сите вработени во судот и истите имаат непосредна можност да се пријават за посета на секоја обука за која чуствуваат потреба и интерес со цел подобрување на квалитетот на своето работење во службата.

### Односи со јавност

Согласно законската обврска, судот има своја Канцеларија за односи со јавност која во изминатата година доби две барање на податоци согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на истите благовремено одговори.

Претседателот на судот на својата редовна средба со претставниците на средствата за информирање, ја запозна јавноста со податоците и резултатие од работата на Основен суд Прилеп.

Судот континуирано овозможува волонтерска практика на студенти и дипломирани правници. Истовремено од страна на Претседателот на судот и Судскиот администратор одржани се четири средби со наставници и

ученици од Основните училишта во Прилеп со цел запознавање на истите со надлежноста на судот, неговата организациона поставеност и воопшѕо работата на сите вработени во судот.

Обврската да ги анонимизираат и објавуваат судските одлуки на веб страницата на судот ја имаа информатичарот на судот и стручните судски службеници. Во текот на 2013 година на веб страната на судот се објавени 4390 судски одлуки а таквата активност се соочуваше со проблеми пред се изразени заради спориот тек на целата постапка со оглед на застарената и амортизирана информатичка опрема во судот.

**Информатичка технологија**

Состојбата на информатичката опрема на судот е една од послабите алки во функционирањето на судот. Иако квантитативно судот располага со доволен број на компјутерска опрема за судските службеници, истата квалитативно е во лоша состојба пред се заради својата дотраеност имајќо притоа во предвид дека процентуалн сеуште најголем дел од компјутерите се од „генрација пентиум 3“.

Изразен е и проблемот со недоволниот број и веќе амортизирани ласерски печатари. Притоа треба да се напомене дека во судиските канцеларии воопшто нема принтери а функционираат три ласерски принтери сместени во ходниците од судот кои треба да ги задоволуваат потребите на сите судии при работа надвор од судницата.

Судот има само еден информатичар што сметаме дека е недоволно со оглед на се поголемиот опфат на работата која се врши со користење на информатичка технологија. Истовремено предлагаме и подобрување на статусот на вработениот информатичар бидејќи истиот иако врши обемна и одговорна задача да го одржува целиот компјутерски систем во судот и секојдневно интервенира по барањата на сите вработени по однос на проблеми од информатички карактер, има звање „Помлад судски соработник“ односно најниско звање од делот на стручните судски службеници. До Судскиот буџетски совет испратени се неколку дописи со цел да се овозможи унапредување на судскиот службеник, но истото до денес не е одобрено.

**2.Материјално финансиско работење во 2013 година**

Во 2013 година Основниот суд Прилеп продолжи да се соочува со проблеми од финансиска природа колку поради ограничените финансиски средства исто така и поради многу тешката и бавна реализација на уплатените налози. Ваквата состојба, не по вина на судот доведе до натамошно зголемување на обврските на судот во 2013 година и ја зголеми недовербата на добавувачите на услуги, вештите лица, поротници и адвокати во спообноста на судот навремено да ги исполнува настанатите финансиски обврски.

Активностите на судската управа уверување на доверителите по сите основи да се воздржат од присилно извршување на побарувањата према судот, одземаа значителен дел од времето и енергијата која требаше да биде насочена кон внатрешната организација на работата во судот.

Истовремено, напорите за рационализација на трошоците се континуирана активност во текот на 2013 година. Во таа мисла треба да се напомене дека во Основен суд Прилеп е формирана заедничка комисија со ЈП “Македонски пошти“ а.д. заради разгледување на тековните проблеми околу врачувањето на судските акти и превземање на заеднички мерки за нивно отстранување. Заедничката комисија врши дневен преглед на целокупната судска достава евидентирајќи ја неуредната достава заради нејзино издвојување за наплата од страна вршителот на услугата.

Заради заштеда на ПТТ трошоците, од фиксната телефонска мрежа во судот е исклучена можноста за бирање на мобилни телефонски линии. Заради карактерот на работата, од ваквата интерна мерка се иземени само фиксните телефонски линии на истражниот судија и претседателот на судот.

Со новите склучените договори за набавка на фиксни телефонски услуги со носителот на јавната набавка, за две фиксни телефонски линии намален е бројот на телефонски линии на судот со цел намалување на трошоците во работењето.

Истовремено дел од трошоците за достава на акти и писмена до странките, судот ги намали со користење на можноста да изврши достава преку доставните служби на другите судови во Република Македонија.

Отсуството на финансиски средства за изработка на униформи на судската полиција е проблем кој повеќекратно е актуелизиран од страна на овој суд. Конкретно во Основен суд Прилеп воопшто не се одобрени финансиски средства за оваа намена иако во изминатиот период значително е истрошена опремата на припадниците на судската полиција кои истата ја добиле при вработувањето. Дел од припадниците на судската полиција кои се вработени 2007 и 2008 година воопшто и немаат добиено униформа .

Вкупно направените трошоци на Основен суд Прилеп како во тековната 2013 година така и по основ на обврските од претходниот период на редовната сметка 290100088460310 изнесуваат 19162659,оо денари. Како и од сметката на сопствени приходи 290100088463117 изнесува 2.820.000499,оо денари или во вкупен износ од 21.982.658,оо денари. Во текот на 2013 година, спрема одобрениот буџет беа реализирани 11.735.764,оо денари односно во целост према одобрениот план. За наредната 2014 годна останувaат неизмирени обврски во вкупен износ од 10.246.894,оо денари.

### Опременост и одржување на судската зграда

Во текот на 2013 година од страна на судската управа се исполнети сите законски обврски околу редновна контрола и одржување на опремата и инсталациите во судот и тоа: противпожарниот систем и апарати, хидратанската мрежа, громобранската и електричната инсталација. Ненавременото исполнување на обврките према давателите на сервисни услуги поради ограничените финансиски средства беше проблем кој продолжи и изминатата година.

Неопходни се инвестиции за дополнителна опрема на системот за видео надзор во судот кој не ги опфаќа сите делови од судската зграда а освен тоа едниот ДВР снимач е надвор од употреба и потребна е набавка на нов.

Судот се соочува и со проблем на прокиснување во новиот дел од судската зграда бидејќи е со рамен кров и неоходна е инвестиција за препокривање на тој дел.

Значителен проблем се и поплавите во подрумскиот архов дел од судот кои се јавуваат при поголемо невреме со дожд.

Скалишниот дел од службениот дел од судската зграда исто така е проблем кој поради неодобрување на финансиски средства не е саниран изминатата година. За неговата алармантна состојба, судот го извести СБС уште пред две години. Се работи за напукнување и одделување на целиот тој скалишен дел заради што е потребна инвестиција за зајакнување на темелите на тој дел од судската зграда.

### Јавни набавки во 2013 година

Во текот на 2013 година Основниот суд Прилеп, согласно планот за јавни набавки, објави и спроведе јавни набавки на масло за греење за грејната сезона 2013/2014 година, канцелариски материјал, набавка на тонери и набавка на осигурителни услуги.

Преку централизирани набавки спроведени од страна на Судскиот совет на република Македонија, извршена не набавка на услуги за мобилна телефонија и интернет.

За најповолен понудувач за набавка на маасло за греење во грејна сезона 2013/2014 е избран понудувачот „Пуцко Петрол“ дооел до с.Пласница а предметната вредност на набавката изнесува 2.497.500,оо денари.

За најповолен понудувач за набавка на канцелариски материјал е избран понудувачот „Ацетони“ доо од Прилеп со вредност на набавката од 314.132,оо денари.

За најповолен понудувач на тонери за ласерски принтери и тонери за фотокопие е избран понудувачот „Еви интернационал траде“ дооел од Скопје а вредноста на набавката изнесува 561.680,оо денари.

За најповолен понудувач за набака на осигурителни услуги е избран понудувачот ад за осигурување „Винер Виена иншуренс груп“ Скопје а предметната вредност на набавката од 49.030,оо денари.

Основниот суд Прилеп укажува на потребата од истакнување на предлог за централизирана набавка на канцелариски материјал, тонери за ласерски принтери и фотокопир и масло за греење. Во постојната ситуација, судот (како и другите судови) е оптеретен со спроведување на соодветни постапки за јавна набавка иако истите можат да бидат спроведени и централизирано и со многи поповолни цени за набавка.

**3.Превземени мерки на судската управа за подобри услови за работа во судот**.

Преку интернет конекцијата значително е олеснет пристапот и користењето на законските и подзаконски акти од страна на судиите и стручните судски службеници од значење за правилна примена на правните прописи.

Судот располага со своја библиотека која ги опфаќа сите изданија на „Службен весник на Република Македонија“ , збирки на прописи, и друга стручна литература. Сите објавени законски текстови или измени кои се од значење за судсиската работа, редовно се фотокопираат и доставуваат до секој судија а по потреба и стручни судски службеници или административно технички судски службеници.

**4.Активности и соработка со други судови, Адвокатската заедница, нотарите и извршителите од подрачјето на судот, за имплементација на судски реформи и други органи и организации.**

Преку судската управа, судот одржува редовни контакти со другите судови, посебно од Апелационото подрачје Битола.

Соработката со адвокатската заедница на подрачјето на Општина Прилеп и воопшто Адвокатската комора на РМ е интензивна и редовна а се однесува на сите проблеми со кои се соочуваат адвокатите или судот при работењето по конкретни предмети. Заради унапредување на таа соработка и подеднаквиот третман на сите адвокати од подрачјето на Основен суд Прилеп, функционира воведениот принцип на азбучен ред при поставувањето на адвокатите за бранители по службена должност и при исплатата на побарувањата од судот. Заради транспарентност во работењето, ваквите податоци се истакнати и на судските дисплеи и се достапни како информација за секој адвокат.

Во Основниот суд Прилеп во текот на 2013 година се одржа неколку средби и со извршителите и нотарите од подрачјето на судот. На ваквите средби се разгледани прашања кои ги засегаат извршителите и нотарите

при постапувањето по предметите од нивна надлежност а кои се поврзани и со судски предмети.

**Заклучок**

Со податоците наведени во овој извештај, како Претседател на судот ја оценувам работата на судиите и судската служба како високостручна,при што сметам дека од страна на повисоките судски инстанци како и Судскиот совет на Република Македонија, Основниот суд Прилеп треба и така да биде оценет.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**Јане Тренчевски**

Доставено до :

- Судски совет на Република Македонија
- Врховен суд на Република македонија
- Министерстство за правда
- Апелационен суд Битола